Смрт на фашизмот — слобода на народот!

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ"-Скопје. Огласи по тарифата

СКОПЈЕ
Сабота, 4 септември 1954
Број 27 Година X

Претплата за 1954 год. изнесува 600 дин. Овој број чини 20 динари. Чековна сметка број 801-Т-166.

**120**

На основа член 15 став 2 од Уредбата за занаетчиски дуќани и занаетчиски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ" бр. 5/54), член 26 и 28 од Уредбата за ученици во стопанството („Службен лист на ФНРЈ" бр. 39/52) и член 75 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото уредство и органите на власта на Народна Република Македонија, Извршниот совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ ВО СТОПАНСТВОТО ШТО СЕ ДОЛЖНИ ДА ГИ ДРЖАТ ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Занаетчиските организации должни се да држат сразмерен број ученици во стопанството а према бројот на упослената стручна работна рака (висококвалификовани и квалификовани занаетчиски работници), и тоа во следните занаетчиски дејности, а према наведената сразмера:

| Ред. бр. | СТРУКА | Број на квалифик. работници | Број на ученици | На дополнит. бр. на квалиф. работници | Дополнителен број на ученици |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | Браварска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 2. | Машин-браварска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 3. | Уметничко-браварска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 4. | Аутомеханичарска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 5. | Механичарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 6. | Процизно-механичарска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 7. | Металостругарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 8. | Алатничарска | 1 | 2 | — | — |
| 9. | Изработка на каросерии за возила | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 10. | Изработка на каросерии од лим | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 11. | Изработка на каросерии од дрво | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 12. | Градежно-лимарска | 1—3 | 1 | — | — |
| 13. | Леачка (без звонодивачка) | 1—2 | 1 | 3 | 1 |
| 14. | Уметничко-леачка | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 15. | Метално-моделарска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 16. | Инсталатерска за водовод и канализација | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 17. | Инсталатерска за парно, водно и воздушно отопление | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 18. | Саатчиска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 19. | Златарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 20. | Оптичарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 21. | Изработка на ролетни | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 22. | Изработка на музички инструменти | 1—2 | 1 | 3 | 1 |
| 23. | Пушкарска | 1—2 | 1 | 3 | 1 |
| 24. | Електро-инсталатерска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 25. | Електро-механичарска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 26. | Стаклобрусачка | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 27. | Пишување на фирми | 1—2 | 1 | 3 | 1 |
| 28. | Коларска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |
| 29. | Столарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 30. | Бачваро-качарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 31. | Дрворезачка-дуборезачка | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 32. | Дрвостругарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 33. | Изработка на појаси мидери | 1—2 | 1 | 3 | 1 |
| 34. | Тапетарска-декоратерска | 1—2 | 1 | 3 | 1 |
| 35. | Тапетарска за возила | 1—3 | 1 | — | — |
| 36. | Изработка на кожна галантерија | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 37. | Ракавичарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 38. | Ортопедско-бандажерска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 39. | Фризерска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 40. | Колбасичарска | 1—3 | 1 | 3 | 1 |
| 41. | Керамичарска | 1—2 | 1 | 2 | 1 |

Член 2

Примањето и држањето на учениците во стопанството во останатите занаетчиски дејности ненаброени во точка 1/е факултативно.

Член 3

Работното место во занаетчиските дејности од точка 1) на оваа уредба, кое се води од квалификовано лице постаро од 60 години или ако органите на народниот одбор утврдат дека нема услов за упослување на ученик во стопанството, може да се ослободи од задолжително држање на ученици во стопанството со тоа да занаетчиската организација, вклучувајќи го и приватниот занаетчија, е должна да уплатува допринос за фондот за обучување на учениците према член 4 и 5 од оваа уредба.

Член 4

Народниот одбор на околијата (градот односно градската општина со одделни права) на основа одредбите од оваа уредба, донесува за секоја занаетчиска организација на своето подрачје одделно решение за бројот на учениците во стопанството кој задолжително ќе се држи. За непридржавање кон ова решение ќе се применат членовите 28 и 30 од Уредбата за ученици во стопанството („Службен лист на ФНРЈ" бр. 39/52).

Член 5

Сразмерниот износ кој занаетчиските организации треба да го платат во случаите од член 28 од Уредбата за ученици во стопанството се утврдува на 1.500 динари.

Член 6

Најголемиот број на ученици во стопанството што можат да бидат запослени во занаетчиските дејности наведени во точка 1 од оваа уредба во приватните занаетчиски дуќани на еден висококвалификован занаетчиски работник е 2 ученици, а во сите останати занаетчиски дејности до еден ученик во стопанството.

Запослувањето на ученици во стопанството во занаетчиството преку овој максимум го одобрува советот за стопанство на народниот одбор на околијата (градот односно градската општина со одделни права).

Член 7

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија", кога престануваат да важат одредбите за занаетчиството од Решението за определување сразмерот на бројот на учениците во стопанството према бројот на квалификуваните работници на подрачјето на НРМ („Службен весник на НРМ" бр. 33 и 34/52).

ИС број 241
16 август 1954 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

---

**121**

На основа член 48 став 2 од Уредбата за занаетчиските дуќани и занаетчиските претпријатија („Службен лист на ФНРЈ" бр. 5/54) и член 75 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, Извршниот совет донесува

# УРЕДБА
## ЗА НАЈМАЛИОТ БРОЈ НА ЗАНАЕТЧИСКИ РАБОТНИЦИ ШТО МОЖАТ ДА ОСНИВААТ ЗАНАЕТЧИСКА ЗАДРУГА

Член 1

За оснивање на занаетчиска задруга по одредбите од Уредбата за занаетчиски дуќани и занаетчиски претпријатија потребно е најмалку 5 занаетчиски работници од онаа занаетчиска дејност која е предмет на работењето на занаетчиската задруга, и тоа под следните услови:

а) за занаетчиски дејности за чие обавување односно раководење се бара стручна спрема на висококвалификован занаетчиски работник (занаетчиски мајстор) потребно е најмалку еден од оснивачите да има стручна спрема на висококвалификован занаетчиски работник (занаетчиски мајстор), а останатите можат да имаат и стручна спрема на квалификуван занаетчиски работник (занаетчиски помошник);

б) за занаетчиски дејности за чие обавување односно раководење се бара стручна спрема на квалификуван занаетчиски работник (занаетчиски помошник) односно стручна спрема на занаетчиски приучен работник потребно е, сите оснивачи да имаат стручна спрема на квалификуван занаетчиски работник (занаетчиски помошник) односно стручна спрема на приучен занаетчиски работник; и

в) за стопанските дејности што се слични на занаетчиска дејност или услужно-комунална дејност, за чие обавување односно раководење не е потребна стручна спрема (член 16 од Уредбата за занаетчиски дуќани и занаетчиски претпријатија), не е потребно оснивачите да имаат некаква стручна спрема.

Член 2

Еден занаетчиски работник односно едно лице може истовремено да учествува во склучувањето на договор за оснивање само на една занаетчиска задруга до окончувањето на постапката за оснивање на истата.

Занаетчиски работник односно лице кое е член на една занаетчиска задруга не може да учествува истовремено во оснивањето на друга занаетчиска задруга.

Член 3

Ако занаетчиската задруга во текот на своето работење остане подолго од 3 месеци со помалу од 5 членови, се смета дека таква задруга повеќе не ги исполнува условите за обавување на својата дејност и надлежниот народен одбор на околијата (градот односно градската општина со одделни права) ќе донесе решение за забранување на понатамошната работа на таква задруга во смисла на член 3 од Уредбата за престанок на прет-

пријатијата и дуќаните („Службен лист на ФНРЈ" бр. 51/53).

Член 4

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

ИС број 244
16 август 1954 година
Скопје.

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

---

**122**

На основа член 14 од Уредбата за занаетчиски дуќани и занаетчиски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ" број 5/54) и член 75 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, Извршниот совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ЗАБРАНУВАЊЕ НА ОБАВУВАЊЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ ВО ПРИВАТНИ ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАНИ

Член 1

На приватните занаетчиски дуќани се забранува вршењето на следните занаетчиски дејности:

1) Изработка на леб,
2) месарска (касапска),
3) колбасичарска,
4) цреварска,
5) производство на зачини, миродии и сурогати на кафе,
6) производство на козметика и мирисни средства,
7) сапунџиска,
8) изработка на етерични масла,
9) изработка на сириште во прав и течност.

Член 2

Постоеќите приватни занаетчиски дуќани од претходната точка должни се, да се сообразат со оваа уредба во срок од 6 месеци од објавувањето на истата во „Службен весник на Народна Република Македонија". Во случај на неподнесување пријава за престанок на приватниот занаетчиски дуќан од страна на сопственикот, народниот одбор кој ја издал дозволата ќе го утврди со решение престанокот на работата и ќе ја одземе дозволата согласно член 63 точка 3 од Уредбата за занаетчиски дуќани и занаетчиски претпријатија.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

ИС број 243
16 август 1954 година
Скопје.

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

---

**123**

На основа член 22 од Уредбата за занаетчиски дуќани и занаетчиски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ" бр. 5/54), и член 75 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, Извршниот совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ ВО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПОЗВОЛИ ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТА ВО КУЌАТА НА РАБОТНИКОТ

Член 1

Народниот одбор на околијата (градот односно градската општина со одделни права) може да позволи на занаетчиските организации со средства во општествена сопственост да можат да организираат работа во куќата на работникот („работа на сиц") само во следните занаетчиски дејности, и тоа:

1) Килимарска,
2) рачно-плетачка,
3) изработка на предмети од лика, рогозина, рафија и слама,
4) плетење на трска,
5) изработка на черги од текстилни отпадоци.

Член 2

Занаетчиските организации со средствата во општествена сопственост што обавуваат една од занаетчиските дејности од претходната точка можат да организираат работа во куќата на работникот само по претходно одобрение на народниот одбор на околијата (градот односно градската општина со одделни права).

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

ИС број 242
16 август 1954 година
Скопје.

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

**124**

На основа чл. 88 ст. 3 од Уредбата за организацијата, послувањето и управувањето со Југословенските пошти, телеграфи и телефони („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 53/53), и точ. 2 од Одлуката за процентите за расподелба на добивката кај претпријатијата за поштенско-телеграфско-телефонски сообраќај („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 20/54), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА РАСПОДЕЛБА НА ДОБИВКАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ЗА ПОШТЕНСКО-ТЕЛЕГРАФСКО-ТЕЛЕФОНСКИ СООБРАЌАЈ СКОПЈЕ

I.

Претпријатието за поштенско-телеграфско-телефонски сообраќај ќе уплатува во својот резервен фонд 2% од сталните обртни средства годишно.

II.

Од делот на добивката кој преостанува после издвојувањето на средствата за инвестициониот фонд при Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните и резервниот фонд на претпријатието, Претпријатието за поштенско-телеграфско-телефонски сообраќај ќе уплатува во својот инвестиционен фонд 40%.

III.

Преостанатиот дел од добивката, Претпријатието за поштенско-телеграфско-телефонски сообраќај, ќе го употреби за исплата на плати над пресметковниот платен фонд, во границите предвидени со чл. 6 од Уредбата за измени и дополненија на Уредбата за платите на работниците и службениците на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 18/54) и за уплата во фондот за самостојно располагање на претпријатието.

IV.

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1954 година.

ИС бр. 248
21 август 1954 година
Скопје.

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Крсте Црвенковски**, с. р.

---

**125**

На основа чл. 33 од Уредбата за звањата и платите на службениците од просветно-научна служба („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 14/52) во врска со точка 1 од Одлуката за пренесување надлежноста за донесување прописи за плаќање на хонорарната настава во училиштата на републичките извршни совети („Службен лист на ФНРЈ“ бр. 51/53), Извршниот совет на Народното собрание на Народна Република Македонија донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ХОНОРАРНАТА НАСТАВА ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА, ВО НИЖИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА И ВО ОСУМГОДИШНИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

I. Според одредбите на оваа одлука ќе се плаќаат хонорарите на наставниците (професори на средна школа, преподаватели, стручни учители, учители и учители по практична настава) што предаваат во гимназиите, учителските школи, средните и нижите стручни училишта и во вишите одделенија на осумгодишните основни училишта.

II. Наставниците од предната точка должни се според распоредот на часовите да го имаат следниот број часови неделно:

1) Професорите на средна школа, преподавателите, стручните учители и учителите што предаваат во гимназија, учителска школа, средно и ниже стручно училиште и во вишите одделенија на осумгодишното основно училиште 20 часа по предметите со писмена односно графичка работа, а 22 часа по предметите без писмена работа.

Приправниците за предните звања должни се да имаат неделно 18 часа по предметите со писмена работа односно графичка работа, а 20 часа по предметите без писмена работа.

Ист број часови како и приправниците имаат и наставниците од став 1 на оваа подточка што имаат над 20 години служба во просветно-научна служба, како и наставниците што предаваат повеќе од два посебни предмети;

2) наставниците по фискултура 20 часа ако имаат помалку од 20 години служба и 18 часа ако имаат над 20 години служба;

3) учителите по практична настава 24 часа но така што секој час трае по 60 минути.

III. Наставниците што го немаат бројот на часовите одредени во точка II од Одлуката истиот ќе го дополнуваат со часови во друго училиште во истото место.

Училиштето во кое ќе се дополнува определениот број часови ќе го одреди советот за просвета и култура на надлежниот народен одбор.

IV. Директор на гимназија односно раководител на осумгодишно основно училиште и ниже стручно училиште должен е според распоредот на часовите во училиштето со

кое раководи да го има следниот број редовни часови неделно:

1) ако училиштето има до 5 паралелки вклучително — 8 часа;

2) ако училиштето има од 6—8 паралелки вклучително — 6 часа;

3) ако училиштето има од 9—10 паралелки вклучително — 4 часа.

Од редовни часови се ослободуваат директорите на гимназиите, раководителите на осумгодишните основни училишта и директорите на нижите стручни училишта ако училиштето со кое раководат има над 10 паралелки, како и директорите на учителските школи и средните стручни училишта без оглед на бројот на паралелките на училиштето.

V. Секој час што наставниците и приправниците, како и директорите на училиштата ќе го одржат преку бројот на часовите одредени во точка II и IV од Одлукава се хонорира посебно според следнава скала:

а) во вишите класови на гимназиите, во учителските школи и во средните стручни училишта:

— по предметите со писмена работа 200 дин. и

— по предметите без писмена работа 180 дин.

б) во нижите класови на гимназиите, во вишите одделенија на осумгодишните основни училиште и во нижите стручни училишта:

— по предметите со писмена работа 170 дин. и

— по предметите без писмена работа 150 дин.

в) часовите по практична настава 100 д.

Кои часови ќе ги смета како хонорарни одредува секој наставник посочувајќи ја однапред паралелката, предметот и денот за кој треба да се хонорира.

VI. Како хонорарни часови ќе се сметаат и часовите на заменување ако замената трае непрекинато повеќе од 7 дена.

VII. Наставниците и приправниците можат да држат неделно најмногу 10 хонорарни часа, а директорите најмногу 6 часа.

Приправниците можат да држат хонорарни часови само по исклучок т. е. ако нема наставник што би ги држал тие часови.

VIII. Одобрение за држање хонорарни часови даваат:

1) директорот односно раководителот на училиштето за наставниците од училиштето со кое раководат и за часовите одржани во него;

2) началникот на секретаријатот на советот за просвета и култура на надлежниот народен одбор за часовите вон од училиштето во кое работи наставникот, за директорите и за приправниците. За приправниците ова одобрение ќе се дава по претходно образложен предлог на наставничкиот совет на училиштето, во кое приправникот е на служба.

IX. Како приправници во смисла на оваа одлука не се сметаат наставниците што во текот на приправничкиот стаж го положиле стручниот испит, како ни оние што имаат преку 3 години служба без оглед на тоа дали го положиле или не стручниот испит.

X. Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија", а исплата по неа ќе се врши од 1. IX. 1954 година.

ИС број 253
27 август 1954 година
Скопје.

**Извршен совет**

Секретар, **Ф. Брајковски**, с. р.
Потпретседател, **К. Црвенковски**, с. р.

---

## 126

На основа точка 6 од Општото упатство за здобивање стручна спрема на работници со практична работа во претпријатието („Службен лист на ФНРЈ" бр. 54/52), во врска со член 12 точ. 3 од Законот за спроведување Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, пропишувам

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОЛАГАЊЕ ИСПИТИ ЗА КВАЛИФИКОВАНИ И ВИСОКОКВАЛИФИКОВАНИ РАБОТНИЦИ, КОИ СЕ ЗДОБИЛЕ СО СТРУЧНА СПРЕМА ПО ПАТ НА ПРИУЧУВАЊЕ

Член 1

После член 22 на Правилникот за полагање испити за квалификовани и висококвалификовани работници, кои се здобиле со стручна спрема по пат на приучување („Службен весник на НРМ" бр. 34/53) се додава нов дел VI кој гласи:

„VI Преодни и завршни одредби

Член 23

Кандидатите за испитот за квалификован работник, кои до стапувањето на сила на овој правилник провеле преку 10 години на работа предвидени за квалификован работник за занимањето за кое сакаат да полагаат испит и кои до тој ден навршиле 40 години старост, го полагаат само практичниот дел од испитот.

Кандидатите за испитот за висококвалификован работник, кои до стапувањето на сила на овој правилник провеле преку 10 години на работи предвидени за висококвали-

фиковани работници за занимањето за кое сакаат да полагаат испит и кои до тој ден навршиле 45 години старост, го полагаат само практичниот дел од испитот.

Член 2

Членот 23 станува член 24"

Член 3

Овој правилник стапува во сила со објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 8092
21 август 1954 година
Скопје.

Државен секретар
за работи на стопанството,
**А. Симитчиев,** с. р.

---

**127**

На основа членовите 7, 8, 9 и 10 од Законот за ловот и член 4, став 2 од Уредбата за оснивање самостојни републички органи на државната управа во стопанството, донесувам

## НАРЕДБА
### ЗА ЛОВ И ФАЌАЊЕ НА ДИВЕЧ

I.

Со цел да се заштити реткиот и проредениот дивеч на територијата на НР Македонија се одредува трајна забрана на лов за следниов дивеч:

А. Влакнест дивеч: Рис, елен и кошута, срна (женска) и дивокоза (женска).

Б. Перјаст дивеч: Пеликани, орли стрвинари, фазанка, голем тетреб, мал тетреб, бела чапља, чапља кашикарка, сови (освен сова ушара) и штркови.

II.

Се забранува ловот на трајно заштитениот дивеч преку цела година, како и уништување или присвојување на нивните млади, растурање на легла или седала и уништување јајца на перјастиот корисен дивеч.

По исклучок е дозволен лов на трајнозаштитен дивеч за научни цели во ловноузгојни цели или други оправдани причини и тоа само врз основа на претходна дозвола за лов на Републичката управа за шумарство.

III.

За видови од висок дивеч се определува следново време слободно за лов:

1. За срндач, почнувајќи од 1. VI заклучно со 30.X.

2. За дивојарец, почнувајќи од 1. VIII заклучно со 31. XII.

3. За мечка, почнувајќи од 1. X заклучно со 29. II.

Вон од предното време, се забранува ловот на споменатиот дивеч.

Срндач, дивојарец и мечка можат да се ловат само со дозвола за лов од Републичката управа за шумарство.

Мечките месојадки можат да се отстрелуваат во секое време во случај на напад на домашен добиток.

Отстрелот на срндач, дивојарец и мечка може да се врши само со кугла.

IV.

За заштитен корисен дивеч на територијата на НР Македонија се одредуваат следниве видови дивеч, за кои се одредува следново време слободно за лов:

А. Влакнест дивеч:

1. Зајак, почнувајќи од 16. X. заклучно со 31. I.

2. Верверица, почнувајќи од 16. X. заклучно со 31. I.

Б. Перјаст дивеч:

1. Полска еребица, почнувајќи од 16. IX заклучно со 31. XII.

2. Еребица камењарка, почнувајќи од 16. IX. заклучно со 31. XII.

3. Шумска еребица или лештарка од 16. IX. заклучно со 31. XII.

4. Фазан машки, почнувајќи од 16.X. заклучно со 31.XII.

5. Потполошка, почнувајќи од 1. VIII. заклучно со 31. XII.

6. Прдавец, почнувајќи од 1. VIII. заклучно со 31. XII.

7. Диви гулаби, почнувајќи од 1. VIII. заклучно со 31. III.

8. Грлици, почнувајќи од 1. VIII. заклучно со 31. III.

9. Шљуки, почнувајќи од 1.VIII, заклучно со 31. III.

10. Диви шатки, почнувајќи од 1. VIII. заклучно со 31. III.

11. Диви гуски, почнувајќи од 1. VIII. заклучно со 31. III.

12. Барски птици и кулици, почнувајќи од 1.VIII. заклучно со 31.III.

13. Мала дропља, почнувајќи од 1. VIII. заклучно со 31. III.

14. Голема дропља, почнувајќи од 1. VIII. заклучно со 31. III.

Вон од гореозначеното време, се забранува ловот на споменатиот дивеч, уништувањето или присвојувањето на нивните млади, загрозување на нивните легла или седала, како и уништување на јајцата од перјастиот корисен дивеч.

V.

Како незаштитен дивеч се сметаат:

А. Влакнест дивеч: волк, чакал, лисица, дива мачка, јазовец, куна златица, куна бе-

лица, видра, твор, хермелин, мала ласица, р'чак, текуница, полх, ондатра, див куниќ и дива свиња.

Б. Перјаст дивеч: орел, јастреб, кобац, сокол, еја, шкањец, луња, сива врана, страчка, сојка, чавка, чапља (освен бела и кашикарка) и сова ушара.

VI.

За фаќање на жив заштитен дивеч по оваа наредба, за продавање, препродавање, купување и превоз на жив дивеч за било која цел, треба за секој случај одделна дозвола од Републичката управа за шумарство.

VII.

Со оваа наредба се укинуваат: Решението за ловостој на заштитен дивеч на територијата на НР Македонија, Решението за привремена забрана на ловот и отстрелот на некои видови од заштитен дивеч и Решението за одредување заштитен дивеч, како и одредување на видовите од незаштитен дивеч, коишто секој на своето земјиште може да ги уништува, сите објавени во „Службен весник на НРМ" бр. 34/48 година.

VIII.

Оваа наредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на НР Македонија".

Број 940
25 август 1954 година
Скопје.

Директор
на Републичката управа
за шумарство,
инж. **Борис Грујоски**, с.р.

## 128

На основа член 53 од Законот за лов и член 4 од Уредбата за основање самостојни републички органи на државната управа во областа на стопанството, донесувам

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ОТШТЕТЕН ЦЕНОВНИК НА БЕСПРАВНО УБИЕН, РАНЕТ ИЛИ ФАТЕН ДИВЕЧ

I. — Во постапката за прекршоци по однос на ловот, надополнување штетата предизвикана со прекршокот, односно кривичното дело за убиениот, ранетиот или фатениот дивеч, за нивните млади, како и за уништени седала, уништени или извадени од седало јајца од заштитен перјаст дивеч, ќе се пресмета спрема овој отштетен ценовник и тоа:

| Ред. бр. | Вид на дивечот | Износ на отштетата |
|---|---|---|
| 1 | Зајак | 2.000 |
| 2 | Срна | 12.000 |
| 3 | Срндач | 10.000 |
| 4 | Срнче женско старо до 1 година | 7.000 |
| 5 | Срнче машко старо до 1 година | 5.000 |
| 6 | Елен | 30.000 |
| 7 | Кошута | 40.000 |
| 8 | Женско еленско теле старо до 1 год. | 20.000 |
| 9 | Машко еленско теле старо до 1 год. | 15.000 |
| 10 | Дивокоза | 10.000 |
| 11 | Дивојарец | 8.000 |
| 12 | Женско јаре старо до 1 година | 6.000 |
| 13 | Машко јар старо до 1 година | 5.000 |
| 14 | Мечок или мечка | 30.000 |
| 15 | Женско или машко мече старо до 1 г. | 20.000 |
| 16 | Рис | 30.000 |
| 17 | Мало ришче старо до 1 година | 20.000 |
| 18 | Дива свиња машка или женска | 8.000 |
| 19 | Диво свинче машко или жен. до 1 г. | 5.000 |
| 20 | Тетреб голем или мал женски | 5.000 |
| 21 | Тетреб голем или мал машки | 3.000 |
| 22 | Полска еребица | 1.000 |
| 23 | Камењарка | 1.000 |
| 24 | Шумска еребица | 1.000 |
| 25 | Фазанка | 1.500 |
| 26 | Фазан | 1.000 |
| 27 | Див гулаб | 400 |
| 28 | Грлица | 300 |
| 29 | Препелица | 300 |
| 30 | Прдавац | 300 |
| 31 | Шљука | 300 |
| 32 | Дива гуска | 300 |
| 33 | Дива шатка | 200 |
| 34 | Сите останати барски птици | 200 |

За секое уништено јајце од корисниот перјаст дивеч, по ова решение се плаќа 20% од највисокиот износ на отштетата на односниот дивеч.

За уништено седало од гореспоменатиот корисен дивеч без јајца се плаќа 1.000 динари отштета.

II. — Отштетата му припаѓа на стопанинот на ловиштето.

III. — Ако убиениот дивеч е распаднат така што да не може да се утврди полот, се плаќа најниската отштета предвидена со ова решение за тој вид дивеч.

IV. — Со ова решение се укинува Решението за отштетениот ценовник за убиен, ранет или фатен дивеч („Службен весник на НРМ" бр. 27/49).

V. — Ова решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на НР Македонија".

Број 940
25 август 1954 година
Скопје.

Директор
на Републичката управа
за шумарство,
инж. **Борис Грујоски**, с.р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКОЛИСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

При овој суд е покрената оставинска постапка по оставината на пок. Бафти Незиров, бив. од Скопје, кој умрел во 1942 година и оставил наследници и тоа: син Риза Бафти Незиров, од Скопје, ул. „142" бр. 46; син Амза Бафти Незиров, од Скопје, сега во Турција со непозната адреса, и пок. син Невзат, од кого има малолетни деца Ремзи, Февзие и Рашиде Невзатови Бафтиови, од Скопје, за кои се грижи мајка им Фатиме Н. Незирова, ул. „130" бр. 66.

Се поканува наследникот Амза Бафти Незиров, сега во Турција со непознато место на живеење, или секое друго лице кое нешто знае за нго да јави на определениот му старател Панта Поленак, адвокат од Скопје, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник ва НРМ". Во противно оставината ќе се расправи по законот.

Од Околискиот суд во Скопје, О. бр. 130/54. (123)

---

При овој суд е покрената постапка за прогласување умрен исчезнатиот Ештреф Мустафа, од с. трушевски, родум од Куманово, со последно место на живеење во Скопје, за кого се претпоставува дека загинал како борец во НОВ и ПО во Шарпланинскиот одред, а на положајот с. Штрпце-околија Качаничка, на ден 18-II-1943 година на која дата и исчезнал.

Се поканува напред именованиот, во колку е во живот, како и секој што знае нешто за него да јави на определениот му старател-мајка му Рајна Апостолова Петрушева, од Скопје, ул. „54" бр. 13, или на Околискиот суд во Скопје, во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ". Во противно исчезнатиот ќе биде прогласен за умрен.

Од Околискиот суд во Скопје, Р. бр. 2699/54. (124)

### ОКОЛИСКИ СУД ВО КУМАНОВО

При овој суд е покрената постапка за прогласување умрен исчезнатиот Ештреф Мустафа, од с. Липково — Кумановско, за кој неговите наблиски незнаат ништо од 1946 година, кога го напуштил својот дом и се одметнал во контра чета.

Се поканува напред именованиот, во колку е во живот, како и секој што знае нешто за него да јави на брат му Амет Мустафа, од с. Липково, во рок од 3 месеци од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ". Во противен случај ќе се прогласи за умрен.

Од Околискиот суд во Куманово, Р. бр. 186/54. (125)

При овој суд е покрената постапка за прогласување умрен исчезнатиот Владо Петрушев Цветковски, од с. Ст. Нагоричане — Кумановско, за кого се претпоставува дека загинал през 1944 година во борбата со германците кај селото Оризаре — Титовелешко.

Се поканува напред именованиот, во колку е во живот, како и секој што знае нешто за него да јави на жена му Мица В. Цветковска, од с. Војник, во рок од три месеци од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ. Во противен случај ќе се огласи за умрен.

Од Околискиот суд во Куманово, Р. бр. 513/53. (126)

---

При овој суд е покрената постапка за прогласување умрен исчезнатиот Стојчо Илиев Симоновски, од с. Пелинце — Кумановско, за кого се претпоставува дека загинал през 1944 година во борбата со Германците кај селото Скочковце.

Се поканува напред именованиот, во колку е во живот, како и секој што знае нешто за него да јави на жена му Трајанка С. Симоновска, од с. Пелинце, во рок од три месеци од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на НРМ". Во противен случај ќе се огласи за умрен.

Од Околискиот суд во Куманово, Р. бр. 323/54. (127)

### ОКОЛИСКИ СУД ВО ТЕТОВО

При овој суд се води граѓанско дело бр. 227/53, за сопственост во вредност од 50.000 динари, но како тужените Ќамил, Мамут, Сали, Минире, Асије, Затиѓул Идризи и Ејуп Асимов Абдулаи, кои се со непознати адреси, и не се јавија на расправата закажана на 27-I-1954 година бидејќи немаше доказ дека се известени. Именованите се повикуваат да се јават на другата расправа која е одредена за 6-IX-1954 година при овој суд. Во противно ќе ќе им се одреди старател.

Од Околискиот суд во Тетово, Гд. бр. 227/53.

## РЕГИСТРАЦИИ НА ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАНИ И РАБОТИЛНИЦИ

На основа дозволата од НО на Охридска околија бр. 20322/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 297, рег. бр. 297, занаетчискиот дуќан под фирма: Браваро-велосипед„иска работилница на Ристо Н. Кочовски, со седиште во Струга.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алишта.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ристо Н. Кочовски. (484)

---

На основа дозволата од НО на Охридска околија бр. 20331/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 295, рег. брч 295, занаетчискиот дуќан под фирма: Кујунџија Крсте Г. Крлевски, со седиште во Струга.

Предмет на работата на дуќанот е: кујунџиски изработки.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Крсте Г. Крлевски. (485)

---

На основа дозволата од НО на Охридска околија бр. 20333/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна

298, рег. бр. 298, занаетчискиот дуќан под фирма: Слаткар Гаврил С. Шутиновски, со седиште во Струга.

Предмет на работата на дуќанот е: изработување и продажба на слатки.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Гаврил С. Шутиновски. (486)

---

На основа дозволата од НО на Охридска околија бр. 19792/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 288, рег. бр. 288, занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Дичо Шутаровски, со седиште во с. Годивје.

Предмет на работата на дуќанот е: воденичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Дичо Шутаровски. (487)

---

На основа дозволата од НО на Охридска околија бр. 19088/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 287, рег. бр. 287, занаетчискиот дукан под фирма: Ковач Мифтар Рамов Шикалевски, со седиште во с. Ливаишта.

Предмет на работата на дуќанот е: ковачки алитша.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Мифтар Рамов Шикалевски. (488)

---

На основа дозволата од НО на Охридска околија бр. 18897/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 285, рег. бр. 285, занаетчискиот дукан под фирма: Воденичар Димко Наумовски, со седиште во с. Свиништа.

Предмет на работата на дуќанот е: воденичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Димко Наумовски. (489)

---

На основа дозволата од НО на Охридска околија бр. 19876/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 284, рег. бр. 284, занаетчискиот дукан под фирма: Ножар Зекирија Лачко, со седиште во Струга.

Предмет на работата на дуканот е: ножарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Зекирија Лачко. (490)

---

На основа дозволата од НО на Охридска околија бр. 19877/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 283. рег. бр. 283, занаетчискиот дукан под фирма: Кројач Димитри Мандовски, со седиште во Струга.

Предмет на работата на дуќанот е: шиење на алитша.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Димитри Мандовски. (491)

---

На основа дозволата од ГНО — Скопје бр. 1757/49 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 741, рег. бр. 471, занаетчискиот дуќан под фирма: Бербер Александар Стојанов Цветковски, со седиште во Скопје ул. „31" бр. 31.

Предмет на работата на дуќанот е: берберски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Александар Стојанов Цветковски. (492)

---

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на град Скопје бр. 2642 од 28-11-1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 871, рег. бр. 871, занаетчискиот дуќан под фирма: кондурација Ванчо Сандев Серафимов ,со седиште во Скопје, ул. „Илинденска" бр. 31.

Предмет на работата на дуќанот е: кондурациски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Ванчо Сандев Серафимовски. (493)

---

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на град Скопје бр. 2475 од 28-4-1952 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 673, рег. бр. 673, занаетчискиот дуќан под фирма: Коларо-ковач Спиро С. Ивановски, со седиште во Скопје, ул. „105" бр. 43.

Предмет на работата на дуќанот е: коларо-ковачки услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Спиро С. Ивановски. (494)

---

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на град Скопје бр. 2496 од 19-VI-1952 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 672, рег. бр. 672, занаетчискиот дукан под фирма Казанџија Јане Ордев Тодоров, со седиште во Скопје, ул. „Караорман" бр. 73.

Предмет на работата на дуќанот е: казанџиски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Јане Ордев Тодоров. (495)

---

На основа дозволата од ГНО — Скопје бр. 2209 од 4-4-1951 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 840, рег. бр. 840, занаетчискиот дукан под фирма: Столар Ордан Лазаров Миновски со седиште во Скопје, ул. „23" бр. 60.

Предмет на работата на дуќанот е: столарски изработки и услуги.

Фирмата ке ја потпишува сопственикот Ордан Лазаров Миновски. (496)

---

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Битолска околија бр 18135 од 3-12-1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 330, рег. бр. 330, занаетчискиот дукан под фирма: Казан за печење на ракија на Општата земјоделска задруга „Аце Трајчев", со седиште во с. Базерник.

Предмет на работата на дуканот е: печење на ракија.

Фирмата ќе ја потпишува работоводителот Стојко Секулов Секуловски. (497)

---

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Битолска околија бр. 12908 од 26-11-1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дукани и работилници на страна 329, рег. бр. 329, занаетчискиот дукан под фирма: Бојаџија Христо Трајков Младеновски ,со седиште во с. Градешница.

Предмет на работата на дуќанот е: бојаџиски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Христо Трајков Младеновски. (498)

---

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Битолска околија бр. 17835 од 26-11-1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 328, рег. бр. 328, занаетчискиот дуќан под фирма: Граѓевински столар Коста Стојанов Лутовски, со седиште во с. Слепче.

Предмет на работата на дуќанот е: граѓевино-столарски услуги и изработки.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Коста Стојанов Лутовски. (499)

---

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на Битолска околија бр. 18857 од 16-

12-1953 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 114, рег. бр. 114, занаетчискиот дуќан под фирма: Воденичар Наум Михајлов Кундевски, со седиште во с. Крстор.

Предмет на работата на дуќанот е: воденичарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Наум Михајлов Кундевски. (502)

---

На основа дозволата од НО на Тиквешка околија бр. 16433/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 159—160, рег. бр. 80, занаетчискиот дуќан под фирма: Ковач Лазар Стојанчев Лазаров, со седиште во с. Пепелиште.

Предмет на работата на дуќанот е: ковачки услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Лазар Стојанчев Лазаров. (503)

---

На основа дозволата од НО на Овчеполска околија бр. 7037/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 8, рег. бр. 7, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондураџија Трајан Гашев Андонов, со седиште во Св. Николе.

Предмет на работата на дуќанот е: кондура.иски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Трајан Гашев Андонов. (504)

---

На основа дозволата од ГНО — Скопје бр. 992/1945 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 802, рег. бр. 802, занаетчискиот дуќан под фирма: Лимар Крум Богданов Тасевски, со седиште во Скопје, ул. „106“ бр. 45.

Предмет на работата на дуќанот е: лимарски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Крум Богданов Тасевски. (506)

---

На основа дозволата од НО на Овчеполска околија бр. 8413/53 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 7, рег. бр.7, занаетчискиот дуќан под фирма: Кондураџија Петре А. Петров, со седиште во Св. Николе.

Предмет на работата на дуќанот е: кондураџиски изработки и услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Петре А. Петров. (505)

---

На основа дозволата од ГНО — Скопје бр. 2001 од 25-2-1952 година е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 703, рег. бр. 703, занаетчискиот дуќан под фирма: Бербер Јусуф Таториќ, со седиште во Скопје, ул. „11 октомври“ бр. 102.

Предмет на работата на дуќанот е: берберски услуги.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Јусуф Таториќ. (507)

---

На основа дозволата од Советот за стопанство на НО на град Скопје бр. 2587 од 4-VI-1953 год. е запишан во регистарот на занаетчиските дуќани и работилници на страна 705, рег. бр. 705, занаетчискиот дуќан под фирма: Кујунџија Никола Павле Гаши, со седиште во Скопје, ул. Дрварска бр. 13.

Предмет на работата на дуќанот е: кујунџиски изработки.

Фирмата ќе ја потпишува сопственикот Никола Павле Гаши. (508)

